Врз основа на Законот за градежно земјиште („Службен Весник на РМ“ бр.17/11, 53/11, 144/12 и 25/13), Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост („Службен весник на РМ“ бр.93/11) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст („Службен гласник на Општина Крива Паланка“, бр.8/10, 8/14, 2/18 И 3/19,), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 06.11.2019 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2020 година

Програмата за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2020 година претставува рамка во која се дефинираат сите мерки и активности што општината ќе ги имплементира со единствена цел подобрување на услугата за јавно осветлување кон граѓаните. Изготвена е врз база на претходно утврдени приоритети, активности и потребни средства, но и предлог решенија и начини за подобрување на оваа услуга, согласно постоечките услови и можностите, а врз основа на извршен увид на лице место и анализа на состојбата. Позитивната практика од претходните неколку години во однос на подобрени технички решенија и инсталација на помодерни светилки кои придонесоа кон одредени заштеди во општинскиот буџет се основна причина за континуитет на имплементацијата на програмата од претходните години. Понатамошното унапредување на општата состојба на мрежата ќе придонесат кон создавање на поволни услови за имплементација на мерки и активности за воведување на смарт солуции во наредниот период, што е една од носечките мисии во овој дел на комуналната услуга. Во рамки на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување се опфатени следните активности:

**А. Изработка на техничка документација за јавно осветлување;**
**Б. Изградба и доизградба на нови и постоечки делници за јавно осветлување во опсегот на мрежата за јавно осветлување;**
**В. Тековно одржување и оптимизација на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување**

### А. Изработка на техничка документација за јавно осветлување

Во 2020 година се предвидуваат активности поврзани со изготвување на проектно-техничка документација за потребите на услугата за квалитетно јавно осветлување, со цел подобрување на општата состојба на мрежата, но и евидентирање/упис на мрежата во надлежните институции. Предвидено е детално собирање на податоци за мрежата за јавното осветлување и во соработка со ЕВН внесување на истите во постоечкиот ГИС на општината, со што ќе се изврши и нејзино комплетно мапирање. Исто така, изготвувањето на проектно-техничка документација е и услов за аплицирање со проекти во различни грантови и кредитни програми. Предвидено е изработка на проектно-техничка документација за:

- изградба на јавно осветлување на потег потег мотел-манастир, по т.н. руски пат и пешачка патека по т.н. Бабин Дол
- доизградба на јавно осветлување на патека Стара Вада – втор дел

За реализација на овие активности во 2020 година ќе бидат инвестирани 300.000,00 денари.

### Б. Изградба и доизградба на нови и постоечки делници за јавно осветлување во опсегот на мрежата за јавно осветлување

Во 2020 година општината ќе продолжи со доизградба на јавно осветлување и проширување на мрежата кон следните локации:

- довршување на делот од заобиколница–потег дел спроти Бегови Бавчи–до мост на Крива Река кај петља на влез во градот
- изградба и инсталација намрежа за јавно осветлување на потегот покрај Скрљавски Дол
- изградба и инсталација на мрежа за јавно осветлување на потегот ул. Калин Камен до трафостаница 35/10 kV и спој на кракот со улицата што води накај градски стадион
- изградба и инсталација на дел од мрежата за јавно осветлување во с.Конопница (повеќенаменско игралиште- м.в. рампа);
- изградба и инсталација на дел од мрежата за јавно осветлување во с.Конопница на потегот Кула-Лиска-Стублица во с.Конопница
- изградба и инсталација на дел од мрежата за јавно осветлување на дел од населбата во с.Можднвњак на потегот Дине Трејд-с.Длабочица

Во овој дел е предвидено и довршување и доизградба на постоечките делници од мрежата за јавно осветлување со поставување на дополнителни сијалици, светилки, електрични столбови и т.н. петти проводник, за кои е утврдено потреба и тоа во населбите Лозаново, Мизовски Ливади, Грамаѓе и селата: Трнци, Жидилово, Узем, Дурачка Река, Станци, Можднвњак (долен и горен Можднвњак, м.в. Кајсторци, Антовци, Чивл`к и Дубје), Конопница (Деловодци, Штала-А2, м.в. Река), Длабочица и други населени реони каде ќе се јави потреба и технички можности за поставување на дополнителни светилки.

За реализација на овие предвидени активности во 2020 година ќе бидат инвестирани 800.000,00 денари.

**<u>В. Тековно одржување и оптимизација на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување</u>**

Во текот на 2020 година, паралелно со процесот на одржување на системот за јавно осветлување и замена на дотраени и изгорени светилки и сијалици се вршеше и оптимизација на потпрошувачката на електрична енергија преку постепено поставување и инсталација на сијалици со помала моќност без притоа да се промени светлечкиот флукс и квалитетот на услугата за јавно осветлување. Во 2020 година ќе се продолжи со оптимизација и модернизација на постојниот систем за јавно осветлување со континуирана замена на постојниот тип на дотраени и оштетени светилки, сијалици и други делови и елементи од мрежата за јавно осветлување. Ќе се дозаменат преостанатите инсталирани живини сијалици 125W, со штедливи сијалици од 32, 35 и 36W и друга помала моќност, но со ист светлосен флукс, како и со флуокомпакт светилки со 36 и 55W. Во 2020 година ќе континуирано ќе продолжи и замената со поставување на ЛЕД светилки и сијалици во централното градско подрачје и приградските населби.

Во 2020 година ќе продолжи и тековната реконструкција на постојната мрежа на разни локации со поставување/замена на постоечките со изолирани проводници и дотраени столбови во соработка со ЕВН.

Со реализација на оваа активност ќе се продолжи со трендот на поквалитетно осветлување, поголема трајност на светилките, но и помала потрошувачка на електрична енергија, без притоа да се наруши ефективноста и ефикасноста на услугата за јавно осветлување, но и подобрување на општата состојба со мрежата.

За тековно одржување на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување во 2020 година ќе бидат инвестирани 2.000.000,00 денари.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ**

1. Приходи од наплата на такса за јавно осветлување.. .................. 11.500.000,00

**Вкупно:**

**11.500.000,00**

**РАСХОДИ**

1. Потрошена електрична енергија за јавно осветлување ..................... 8.400.000,00
2. Изработка на техничка документација .................................................... 300.000,00
3. Изградба и доизградба на нови и постоечки делници за јавно осветлување во опсегот на мрежата за јавно осветлување ................... 800.000,00
4. Тековно одржување и оптимизација на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување ................................................................. 2.000.000,00

**Вкупно 11.500.000,00**

Контрола на спроведувањето на Програмата по однос на динамиката и наменското користење на средствата ќе врши Општина Крива Паланка.

**Бр. 09 -3567/33**
**06.11.2019 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**